- **Набавка на компјутер и печатар за сите регионални центри** – беше направена е спецификација за набавка на информатичка опрема за потребите на ДЦРЗ и е извршена подготовка за распишување на тендер за следните ставки:
    - набавка на 23 компјутери
    - набавка на 23 печатачи

    - набавка на скенер
    - набавка на мултифункционален печатар
    - набавка на лаптоп
- **Ретроспективно прибирање на податоци за 2014 година** – податоците беа собрани во дефинираната временска рамка (Јуни 2015) од сите центри, со исклучок на СБГА Чаир. За овој проблем во неколку наврати е контактиран Директорот на институцијата, а информирани се сите релевантни фактори, вклучително МЗ, Комитеот за безбедно мајчинство и д-р Александар Митов.
- **Анализа и обработка на податоците и печатење на годишен извештај за перинатолошки резултати во РМ за 2014** – сите акумилирани податоци се обработени и припремени за објавување, но со оглед на тоа дека недостасуваат сите податоци од СБГА Чаир, издавањето на извештајот е одложено. Резултатите ќе бидат објавени по добивањето на податоците од СБГА Чаир интегрално со коментар (согласно забелешките од МЗ), но нема да бидат издадени во форма на Перинатолошки извештај заради претходно опишаните недостатоци на постојната методологија.
- **Прибирање на податоци за 2015 година** – со оглед на недостатокот на методологијата и застојот во имплементацијата на новиот електронски систем за регистрирање на податоците, податоците за 2015 година ќе бидат ретроспективно внесени во најкраток можен рок по пуштањето на системот од страна на МЗ. За оваа ситуација се запознаени сите релевантни фактори на последниот состанок на ДЦХР одржан во Ноември 2015.
- **Координирање на регионалните центри и квартална контрола на прогресот на собирање на податоци за 2014/2015 година** - За извршување на работните задачи и обврски во делот на собирање на податоци од породилиштата, редовно беа координирани номинираните лица од породилиштата, а податоците за 2014 беа собрани во предвидената временска рамка, со исклучок на податоците од СБГА Чаир.

3. **Извештај за евидентирањето и регистрирањето на сите податоци од перинатолошките служби во сите специјални општи болници и здравствени домови во датабазата на УГАК** – сите податоци за 2014 година, со исклучок на податоците од СБГА Чаир, се собрани, прочистени и обработени. Податоците за 2015 година ќе бидат прибрани во најкус можен рок по имплементирањето на новиот систем и методологија.

4. **Извештај за завршните подготовки за изготвување на перинаталниот извештај за 2015 година** – не сме во можност да издадеме извештај за 2015 година додека не се соберат податоците, а за тоа се чека имплементација на новиот систем од страна на МЗ; податоците за 2014 година, со исклучок на податоците од СБГА Чаир, се спремни за печатење.

Скопје, 03/12/2015

Со почит,

**прим. д-р Драган М. Тантуровски, MSc, PhD**

Координатор на ДЦХР

Република Македонија
**Министерство за здравство**

ДО
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ - ЕСЕ
УЛ. Максим Горки 20/1-14
1000
С к о п ј е

Бр. 11- 3676/ 5
12 -05- 2016 година
Скопје

Министерство за здравство

50-та Дивизија б.б.
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

Врска: Ваш бр. 0801-820/16-18

Предмет: Одговор на Ваше барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање под горниот број со кое барате информација која се однесува на тоа колку членови и кои членови учествуваат во работната група во ДЦРЗ за анализа и препораки во предвидена во Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца Министерство за здравство Ви доставува комплетна информација во прилог.

*Подготвил: Нермина факовиќ*
*Одобрил: Прим. Д-р Зоран Стојановски*
*Одобрил : Прим Д-р Јованка Костовска*
*Котролирал: Јован Грповски*

*Копие и до*
*Лице -одговорно за слободен пристап на информации од јавен карактер*
*Анка Георгиева, дипл.правник*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Никола Тодоров

**Барање за пристап до информации од јавен карактер број 11-3676/1**

Работната група од 12 члена е формирана од професионалци кои подолг период работат на анализа на податоците, со цел за реорганизација и дисперзија на мрежата на ДЦРЗ на целата територија на Република Македонија со конкретни задачи и цели, во состав:

| | |
|---|---|
| • директор на ЈЗУУ Клиника за гинекологија и акушерство - претседател | 1 |
| • координатор - член | 1 |
| • специјалисти доктори по гинекологија и акушерство - член | 3 |
| • информатичар - член | 1 |
| • економист - член | 1 |
| • ПР офицер - член | 1 |
| • секретар аналитичар - член | 1 |
| • ревизор за веродостојноста и интегритетот на внесените податоци - член | 2 |
| • возач за реализација на теренските активности - член | 1 |

Република Македонија
**Министерство за здравство**

ДО
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ - ЕСЕ
УЛ. Максим Горки 20/1-14
1000
С к о п ј е

Бр. 11- 3691/ 5
12 -05- 2016 година
Скопје

Министерство за здравство

50-та Дивизија б.б.
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

Врска: Ваш бр. 0801-820/16-3

Предмет: Одговор на Ваше барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање под горниот број со кое барате информација која се однесува на тоа колку средства се исплатени за националниот координатор на државниот центар за репродуктивно здравје во 2015 година согласно Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и колку за медицинските сестри/акушерки за внес на податоците , Министерство за здравство Ве известува за следното:

Националниот координатор -72.000,00 денари

Медицинските сестри/акушерки – секоја по 36.000,00 или вкупно средства во висина од 853.000,00 денари.

*Подготвил: Нермина факовиќ*
*Одобрил: Прим. Д-р Зоран Стојановски*
*Одобрил : Прим Д-р Јованка Костовска*
*Котролирал: Јован Грповски*

*Копие и до*
*Лице -одговорно за слободен пристап на информации од јавен карактер*
*Анка Георгиева, дипл.правник*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Никола Тодоров

Република Македонија
**Министерство за здравство**

ДО
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ - ЕСЕ
УЛ. Максим Горки 20/1-14
1000
С к о п ј е

Бр. 11- 3672/ 5
12-05-2016 2016 година
Скопје

Министерство за здравство

50-та Дивизија б.б,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

Врска: Ваш бр. 0801-820/16-22

Предмет: Одговор на Ваше барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање под горниот број со кое барате информација која се однесува на тоа да се објасни улогата и функцијата на ДЦРЗ ? кога е формиран, кој раководи со Центарот кои се клучни функции и надлежности на центарот, каков вид на податоци прибира центарот, согласно Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и колку за медицинските сестри/акушерки за внес на податоците, Министерство за здравство Ви доставува комплетна информација во прилог.

*Подготвил: Нермина факовиќ*
*Одобрил: Прим. Д-р Зоран Стојановски*
*Одобрил : Прим Д-р Јованка Костовска*
*Котролирал: Јован Грповски*

*Копие и до*
*Лице -одговорно за слободен пристап на информации од јавен карактер*
*Анка Георгиева, дипл.правник*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Никола Тодоров

Работна група за воспоставување на услови за рестартирање на Државниот центар за репродуктивно здравје

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ВО ВРСКА СО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РЕСТАРТИРАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ ЦЕНТАР ЗА РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ (ДЦРЗ)

**Скопје, 2013**

**Содржина**


| | |
|---|---|
| **Листа на кратенки** | **3** |
| **Извршно РЕЗИМЕ** | **4** |
| **Вовед** | **13** |
| **Извештај за третиот квартал на 2013 година** | **19** |
| **Извештај за комплетирана обука** | **23** |
| **Индикатори за реализирани активности  во второ полугодие 2013** | **27** |
| **Заклучоци и препораки** | **28** |
| **Линкови до веб страни корисни во областа на перинатологијата** | **36** |

Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ДЦРЗ | Државен центар за репродуктивно здравје |
| ЗМД | Здравствени услуги за мајките и децата |
| МЗРМ | Министерство за здравство на Република Македонија |
| МР | Мртвороденост |
| МС | Матернална смртност |
| РГ | Работна група |
| РМ | Република Македонија |
| РНП | Ран неонатален период |
| РНС | Рана неонатална смртност |
| УКГА | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство |
| ФС | Фетална смртност |

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Здравствените услуги за мајките и доенчињата (ЗМД) треба да бидат засновани на докази, редовни, исплатливи и одржливи дури и во услови на намалени ресурси. Матерналната и перинаталната смртност значително може да се намалат со ефикасни интервенции кои не создаваат големи трошоци. Здравјето на новороденчето е во директна врска со здравјето на мајката. Со избегнувањето компликации на здравјето на мајката се подобруваат и перинаталните исходи и се спречуваат најголем број од смртните случаи кај новороденчињата.

Перинаталната смртност е комплексен индикатор кој се поврзува со квалитетот на антенаталната грижа, перинаталната и постпарталната грижа, кои се дел од трите нивоа на здравствена заштита (примарна, секундарна и терциерна). Одредени општествени фактори како и тековните реформи во здравствениот сектор дополнително влијаат врз квалитетот на перинаталната грижа.

Намалувањето на здравствените ризици на здравјето на мајката и новороденчето бара мулти-димензионален и мулти-секторски пристап. Стратегијата за безбедно мајчинство е заснована на ситуациона анализа на состојбите во перинаталната грижа во земјата, во која се претставени добрите и лошите страни на постојната пракса. Врз основа на недостатоците идентификувани во ситуационата анализа, ***Стратегијата*** предлага фокусирани активности за надминување на недостатоците во системот и целокупно подобрување на здравјето на мајките и новородените деца во Република Македонија. Очекуван резултат од спроведувањето на ***Стратегијата*** е обезбедување здрава и безбедна бременост, мајчинство и перинатално здравје, преку еднаков и ефикасен пристап до здравствените услуги, градење на капацитетите на обучениот кадар, и особено внимание кон маргинализираните и ранливите групи.

Една од целите на усвоената **Националната стратегија за безбедно мајчинство** е собирањето на податоците за репродуктивното, матерналното и неонаталното здравје на популацијата во Република Македонија, како основа за мерење и проценка на квалитетот на перинаталната здравствена заштита во Република Македонија (РМ). За таа цел, на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство (УКГА), како референтна установа за перинатална здравствена заштита од терциерно ниво, беше формирана Работна група за воспоставување на услови за рестартирање на Државниот центар за репродуктивно здравје (ДЦРЗ). Центар со слични ингеренции беше формиран во 1989 година, како Републички центар за хумана репродукција (РЦХР) кој публикуваше Годишен извештај се до 2004 година, кога од необјаснети причини престана да работи, а неговите функциии делумно ги превземаа други институции, а делумно беа згасната.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Стратегијата за намалување на перинаталната смртност во Република Македонија треба да се темели на неколку паралелни процеси:

1. Унапредување на севкупниот квалитет на здравствената заштита на населението, со што ќе се намали морбидитетот и морталитетот на жените во репродуктивниот период (општи мерки на подобрување на квалитетот на здравствената заштита преку промоција на здравје и превенција од болест)
2. Унапредување на квалитетот на преконцепциската и антенаталната здравствена заштита, со што ќе се намали бројот на високоризични бремености, ќе се подобри виталноста на фетусите и ќе се намали мортиналитетот (мртвороденоста)
3. Унапредување на квалитетот на интрапарталаната здравствена заштита, со цел намалување на морбидитетот на живородените деца и на стапката на интрапартална смрт на плодовите
4. Унапредување на квалитетот на раната постантална грижа за новороденото дете, со цел намалување на морбидитетот и раниот неонатален морталитет на децата

5. Активности во правец на намалување на стапката на морбидитет во постпарталниот период (пуерпералниот период) на жената после раѓањето, со цел намалување на матерналната смртност, но не само во болнички услови, туку според дефиницијата на СЗО, до крајот на 42-от ден.

Водејќи се токму од овие насоки, преку добиените податоци ќе се рализираат целите и задачите на Државниот центар за репродуктивно здравје (ДЦРЗ), кои ќе се разгледуваат на регуларна основа, со цел навремено преземање мерки за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, и тоа во смисол на :

1. Контрола над работата на гинеколозите во примарната здравствена заштита
    a. Преку податоците за компликации во бременост, реализирани антенатални посети, содржина на секоја антенатална контрола, имплементација на Клиничкото упатство за антенатална заштита, кои задолжително ќе треба да бидат внесени во Мајчината книшка
2. Контрола над работата во породилиштата (Униврзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Специјализирани болници за гинекологија и акушерство, перинатолошки одделенија во склоп на Општите болници, одделенијата во склоп на Здравствените домови каде се одвиваат мал процент на вонболнички породувања, и во болниците од приватниот сектор)
    a. Преку податоците внесени во базата на податоци после испис на родилки и новородени од овие установи, комплетноста на податоците и регистрацијата, пресметаните стапки на морбидитет и морталитет;
    b. Преку разгледување на извештаите со раководителите на сите перинатолошки служби на квартална основа, и на годишно ниво, во склоп на професионалните здруженија со задолжително присуство на сите раководители и другите учесници во спроведувањето на перинаталната здравствена заштита
3. Координација со Министерството за здравство за дополнување и динамичка промена на насочените активности.

a. Преку редовни заеднички состаноци со Комитетот за безбедно мајчинство, со разгледување на сите спроведени мерки, добиени податоци, пресметани стапки, и со донесување на заклучоци и препораки за натамошни активности

b. Дополнување и промени во Стратегијата за безбедно мајчинство, зависно од добиените податоци на годишно ниво

**Препораки за унапредување на квалитетот на перинаталната здравствена заштита**

1. Подигање на свеста за сопственото здравје на жените во репродуктивниот период и на здравствената култура на населението во врска со планирање на семејството
2. Следење на демографските движења во државата и рационален пристап кон репродукцијата на населението
3. Изработка на **унифицирана документација (регистри)** во секој перинатолошки центар и во Здравствените домови, за регистрација како на виталните параметри, така и на компликациите во бременост, раѓање и после тоа. Од локалните регистри, ќе се црпи материјалот за формирање на следните Национални регистри:
   a. Национален Регистер на ризични новородени деца согласно Националната листа на ризик фактори,
   b. Регистер за вродени аномалии кај децата
   c. Регистер за податоци од репродуктивната статистика

   Оваа препорака се базира и на евалуациониот Извештај во породилиштата во различни региони на РМ, после спроведена евалуација од странски консултант ангажиран од УНФПА, во соработка со национални експерти, за потребите на Министерството за здравство
4. Обезбедување на квалитетна база на податоци за сите движења во областа на перинаталната здравствена заштита, добра перинатална статистика со квалитетни податоци и соодветно пресметани стапки на морбидитет и морталитет
5. Зајакнување на капацитетите за унапредување на квалитетот на здравствената заштита на бремената жена, со постигнување на 100% покриеност со квалитетна

антенатална заштита на бремените жени, проспективно во период од три години (под квалитетна антенатална здравствена заштита се подразбира обезбеден соодветен број на антенатални контроли со соодветна содржина, согласно најновите Клинички упатства за антенатална здравствена заштита)

6. Подобрување на резултатите за рано откривање на ризици во бременоста, квалитетно и навремено спроведување на скрининг програмите во бременоста
7. Изработка на соодветни препораки базирани на докази за упатување на ризични бремени жени и критично болни новородени и деца во установи од повисоко, соодветно ниво на здравствена заштита (јасно дефиниран систем за упатување на ризичните бремени жени и болните новородени деца)
8. Намалување на стапката на мртвороденост, преку редовно следење на бременоста и детекција на ризиците, и интензивирање и усовршување на транспортот „ин утеро"
9. Намалување на стапката на матерналната смртност преку податоците за квалитетот на антенаталната, интрапарталната и постпарталната здравствена заштита на жената
10. Редовен одит (истражување) на секој случај на матернална смртност, и на тие т.н. „near miss cases"в одејќи се според дефинициите и принципите на Светската здравствена организација за ревизија на случаи на матернална смртност
11. Намалување на стапката на мртвороденоста и на раната неонатална смртност, преку подобрување на квалитетот на интрапарталната и неонаталната здравствена заштита, како и ЗЗ во раниот неонатален период; истовремено, задолжително рагзледување на секој случај на мртов плод и на рана неонатална смрт
12. Воведување и унапредување на системот за научно истражувања во областа на перинатологијата
13. Вршење на апликативни и развојни клинички истражувања во врска со превенцијата, раната дијагностика и терапија од областа на репродуктивното здравје и перинатологијата, со поддршка од Етичката комисија за одобрување на истите

14. Давање на стручно-методолошка помош за изработка на научни трудови, магистериуми и докторати од доменот на перинатологијата
15. Организација на фокусирани тренинзи и работилници на континуирана основа за релевантни теми од областа на перинатологијата (Континуирана медицинска едукација)
16. Вршење на стручен надзор и давање на стручно-методолошка помош во врска со покомплицираните случаи и проблеми во тек на регистрацијата и евиденцијата на податоците
17. Тесно поврзување и соработка со Клиниката за детски болести, Заводот за здравствена заштита на мајката и детето, Државниот завод за статистика и Институтот за јавно здравје, со цел обезбедување на единствен и комплементарен систем на евиденција на перинаталната смртност како дел од доенечката и детската смртност
18. Тесна соработка со професионалните здруженија на гинеколози-акушери, перинатолози, неонатолози и педијатри
19. Обезбедување на квалитетни податоци и индикатори за потребите на државата и Светската здравствена организација, што е обврска на секоја членка на СЗО
20. Подготовка и публикување на периодични и годишни извештаи за работата на ДЦРЗ на локално и национално ниво, и изработка на годишен елаборат од аспект на перинаталната здравствена заштита, кој треба да биде основа за внесување на промени и надградба во курсот на петгодишната Стратегија за безбедно мајчинство

**Годишниот извештај публикуван од ДЦРЗ треба да послужи за следните цели:**

1. За сите породувања да се опишат сите демографски карактеристики на мајката, како и детално да се опишат исходите на нивните бремености
2. Да се идентификуваат ризик факторите кои допринесуваат за несакан исход кај мајките, и кај нивните новородени деца

3. Да се помогне при планирањето, имплементацијата и евалуацијата на здравствените служби за бремените жени и нивните деца
4. Да се овозможи анализа на националните податоци и да се овозможи споредба на карактеристиките и перинаталните исходи помеѓу различни региони од земјата (географски аспект) и различни временски периоди (тенденција, трендови)
5. Да се анализираат матерналната и раната неонатална смртност со поврзување на овие податоци со други релевантни социјални детерминанти
6. Да се мониторираат специфичните исходи, како на пример конгениталните аномалии и родилните повреди
7. Да се спроведуваат епидемиолошки студии за здравствените проблеми помеѓу бремените жени и новородените деца

**Сите овие задачи, ДЦРЗ ќе може да ги исполни со мерки и активности на различни нивоа:**

1. ДЦРЗ треба да биде независна институција, финансирана од Буџетот на РМ, просторно сместена на УЈЗУ Клиника за гинекологија и акушерство

2. Редовната работа на прибирање на податоци, регистрација, евиденција, контрола на квалитетот на податоците и статистичката обработка да биде спроведувана од редовно вработени лица во ДЦРЗ

3. Сите номинирани лица од перинатолошките служби кои поминаа претходна обука и кои ќе вршат редовно внесување на податоци од областа на перинатологијата, да бидат финансиски стимулирани за дополнителната работа, да бидат редовно контролирани и потпомогнати во смисол на обезбедување на стручно-методолошка помош доколку се јават проблеми

4. Разгледувањето на случаите на матернална смртност, мртвороденост и рана неонатална смртност да биде спроведувано од работни групи кои ќе ги сочинуваат по 5 искусни професионални лица од областа на перинатологијата. Изборот на

лицата за работните групи да биде најсоодветен, од изготвена листа на експерти од областа на перинатологијата, според соодветноста на случајот кој ќе се разгледува

a. работна група за разгледување на матернална смртност ,

b. работна група за разгледување на случаите на перинатална смрт

**Финансиската поддршка, планирана од Буџетот на Република Македонија, преку Годишни популациони програми, треба да ги покрие следните трошоци:**

1. Плати на вработените во ДЦРЗ
   a. Раководител на ДЦРЗ
   b. Експерт за анализа и статистичка обработка на податоци од перинатологијата
   c. Програмер
   d. Референт за внес и контрола на квалитетот на податоците
2. Финансиска стимулација на номинираните лица (по 3 за секоја специјализирана и општа болница и по две лица од здравствените домови)
3. Финансиска надокнада за работа на стручните тела (Работните групи)-две работни групи со по 5 члена

   a. работна група за разгледување на матернална смртност (еден гинеколог од УЈЗУ ГАК, еден гинеколог од специјализирани ГА болници, еден гинеколог од општа болница, еден гинеколог од примарна ЗЗ, еден експерт по јавно здравје)

   b. работна група за разгледување на случаи на перинатална смрт (еден гинеколог од УЈЗУ ГАК, еден гинеколог од примарна ЗЗ, два неонатолога, еден експерт по јавно здравје)

4. Набавување и одржување на опрема (набавена во склоп на Програмата за обезбедување на услови за рестартирање на работата на ДЦРЗ), плус набавка на возило за потребите на ДЦРЗ во функција на редовни теренски посети, контрола над квалитетот на внесот и регистрацијата на податоци, пружање на стручно-методолошка помош

5. Редовна набавка на потрошен материјал (хартија, тонери, хефт машини, перфоратори, класери, друг канцелариски материјал)

**Партнери на Министерството за здравство и ДЦРЗ во спроведување на предложените мерки и активности**

- Националните канцеларии на организациите на Обединетите нации (СЗО, УНФПА, УНИЦЕФ, УНДП)
- Невладините организации чиј опсег на дејност е подобрување на репродуктивното здравје, здравјето на мајката и на детето

## Вовед

Бременоста е нормална здрава состојба која голем број на жени ја доживуваат во одреден период од нивниот живот. Иако се смета за нормална состојба, податоците зборуваат дека со себе носи помалку или повеќе сериозни ризици за болест, и компликации што можат да доведат и до смрт. Во светски размери, со години постои податокот дека преку половина милион од младите жени умираат како резултат на компликации кои се јавуваат во врска со бременоста и раѓањето. Најголем број од нив можат да се спречат ако се применат превентивни мерки и соодветна грижа. За поголемиот број од жените кои починале од причини поврзани со бременоста и раѓањето, фактите зборуваат дека некои од нив имале здравствени проблеми уште пред бременоста, но многу од здравите жени после бременоста и раѓањето страдаат од сериозни болести, кои ги засегаат и понатаму, во тек на целиот нивен живот. Проблемот на матерналната смртност е актуелен нашироко во светот.

Првите чекори за запознавање на реалната состојба во државата и решавањето на проблемите околу овој проблем веќе се предложени во **Националната стратегија за безбедно мајчинство**, а главните цели се собирањето на податоците за репродуктивното, матерналното и неонаталното здравје на популацијата во Република Македонија.

Во 2009 година Во Република Македонија е забележано влошување на одредени здравствени индикатори и тоа: пораст на стапката на перинаталната смртност од 14,6 на 16.4 на 1000 родени и пораст на стапката на смртност на доенчињата на 11,7 на 1000 живородени (во 2008 година изнесуваше 9.7 на 1000 живородени). Порастот на перинаталната смртност се должи воглавно на порастот на умрени новородени деца во првите 6 дена од породувањето. Иако за мала бројка, зголемен е и бројот на мртвородени, а според податоците регистрирани се неколку случаи на матернална смртност.

*Рана неонатална смртност* е смрт на живородено новородено дете која настанала до почетокот на седмиот ден од животот. Сите случаи на рана неонатална смрт трена да се

разгледуваат поединечно, барајќи ги превентабилните фактѕори, со цел да се спречи следна смрт под исти околности.

*Мртвороденост-* како индикатор претставува број на мртвородени деца на одредена популација. Компликациите за време на бременоста и/или породувањето се главна причина за смрт кај плодот, поради што од големо значење е да се утврди кога настанала смртта на плодот за да се преземат соодветни мерки за намалување на мртвороденоста, особено на онаа која настанува во текот на активното породување. Во Р.Макединија не постои организиран систем на мониторирање и регистрирање на мртвороденоста според периодот кога настанала смртта.

*Матернална смртност* - претставува појава на смртен исход кај пациентки која е поврзана со бременост/породување. Во 2009 година според податоците од ДЗС регистриран е еден случај на матернална смртност, додека истата година на Гинеколошко-акушерската клиника во Скопје, на акушерското одделение се регистрирани 2 смртни случаи[1]. Разлика во регистрираниот број на смртни случаи од матернални причини од два различни извори не смее да постои и истата укажува дека регистрацијата и следењето на стапката на матерналната смртност во Р.Македонија има потреба од стандардизација. Со тоа се пројавува потреба за назначување на институција која ке биде задолжена да го регистрира и публикува овој индикатор на национално ниво, со оглед дека е тој еден од клучните индикатори за нивото на здравствена заштита. **Државниот центар за репродуктивно здравје (ДЦРЗ)** треба да му даде професионална подршка на Министерството за здравство на Р.М за воведување на институцијата "доверливо истражување" на мајчинската смрт (што е повеќегодишната пракса на многу земји во светот по ова прашање). Својот придонес ДЦРЗ ќе го даде, како со активното учество на своите стручни лица во Комисијата за испитување на смрт на мајки при Министерството за здравство на Р.М., така и со статистичката обработка, евалуација и **компетентната презентација и интерпретација** на добиените податоци. Од овој центар преку локалните подружници соодветно ќе се дистрибуираат податоци за квалитетот на

[1] Извор: ИЈЗ , Образец бр.03.21.60 ( 2009 година)

*1.Антенаталната заштита*

*2.Перипарталната и попстпарталната здравствена заштита*

*3.Планирање на семејството*

Од податоците со кои се располага, со сигурност може да се издвојат неколку сигнификантни заклучоци со кои се опишува постоечката ситуација на ова поле во Република Македонија, а тоа се:

1. Постоечкиот систем на известувањето на здравствените организации за спроведената антенатална заштита не дозволува да се изврши целосна квалитативна анализа на дадените услуги, ниту пак постојат стандардизирани протоколи за антенатална заштита кои можат да помогнат во анализата на квалитетот на спроведените прегледи во текот на бременоста. Податоците со кои располагаат здравствените организации во врска со антенаталната здравствена заштита не се доволни за да се изврши евалуцаија на ефикасноста на оваа мерка во унапредување на здравјето на бремената жена и новороденото.
2. Приватизацијата на примарната здравствена заштита на жените и одвојувањето на гинеколошката служба од државното здравство, ја намали можноста за спроведување на мерките од Програмата кои се однесуваат на планирање на семејството и безбедното мајчинство. Надзорот над работата на овие приватни амбуланти и болници го спроведува Фондот за здравствено осигурување. Непостоењето на дефиниран пакет на антенатални услуги, застарените извештајни обрасци за регистрирање на овие здравствени услуги и непостоење на современ систем на раководење со податоците, исто така допринесува за субрегистрација на овие услуги и лош квалитет на податоците според кои се врши анализа на состојбата. Во Р.Македонија не е воспоставен одржлив систем на мониторинг над квалитетот на работата на антеналните служби.
3. Не постои систем на следење на стапката на матерналната смртност, ниту пак е назначена референтна институција која официјално известува за висината на

овој значаен индикатор за здравјето на жените и пристапот до квалитетена здравствена заштита поврзана со безбедно мајчинство.

Заради горенаведеното императивно се наложи повторното отварање на Државниот центар за репродуктивно здравје (ДЦРЗ) просторно сместен на УГАК-Скопје, но како државен орган кој ќе биде под патронат на Министерството за здравство на Република Македонија. ДЦРЗ ќе претставува главен центар на регистрација, евиденција, обработка на податоци и публикација на истите, со обезбедена платформа за обезбедување на соодветни регистри кои ќе бидат во служба на унапредувањето на квалитетот на здравствената заштита на жените во репродуктивниот период, бремените жени и новородените деца. ДЦРЗ ќе ги спроведува сите активности зацртани како краткорочни и долгорочни цели во интерес на унапредувањето на квалитетот на здравствената заштита на жените во репродуктивниот период, бремените жени и новородените деца.

**Визија на ДЦРЗ**

- Државниот центар за репродуктивно здравје (ДЦРЗ) е воспоставен како независна служба каде што се собираат сите податоци од областа на перинатологијата во Република Македонија
- Воспоставен е единствен систем на комуникација помеѓу ДЦРЗ и сите перинатолошки одделенија и служби во државата (Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство-Скопје, Специјална болница за гинекологија и акушерство-Чаир, перинатолошките служби во склоп на Општите болници, перинатолошките служби при вонболничките породувања во Здравствените домови, и перинатолошките служби во склоп на приватните болници)
- Сите перинатолошки служби имаат капацитет за соодветна регистрација и достава на податоците од своите служби за регистрација до ДЦРЗ

- Податоците за квалитетот на здравствената заштита на бремените, родилките и нивните новородени деца се комплетно обработени со соодветно воспоставена методологија
- Редовно се изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи за квалитетот на перинаталната здравствена заштита на секое ниво (ДЦРЗ и секоја поединечна перинатолошка служба)

Секоја година детално се разгледува годишниот Извештај за состојбата во областа на перинаталната здравствена заштита на Национално ниво, во склоп на заеднички состанок на соодветните професионални здруженија

**Мисија на ДЦРЗ**

Во склоп на Акциониот план на Стратегијата за безбедно мајчинство за 2010-2013 година, некои од целите за унапредување на квалитетот на здравствената заштита на родилките, мајките и новородените деца се Следење и оценување на квалитетот на перинаталната грижа и индикаторите на перинаталното здравје, како и спроведување на Обука за воспоставување на методологијата за ревизија (audit) на перинатална и матернална смртност.

Предвидено е службата да биде независна во своето работење, но да работи во рамките на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство (УКГА)-Скопје со добро воспоставен систем на комуникација со сите перинатолошки служби и одделенија во Република Македонија.

За таа цел, од вработени на УКГА формирана е Работна група одговорна за подготвителната фаза за отворање на ДЦХР, кој би почнал активно со работа од 01.01.2014 година. Членовите на оваа Работна група имаат задача да го осмислат принципот на работење на ДЦХР, начинот на поврзување со сите служби во државата, индикаторите кои ќе се мониторираат и истовремено обработуваат, и формата на Извештајот кој ќе се доставува до министерството за здравство, Комитетот за безбедно

мајчинство, до сите перинатолошки служби во Република Македионија, и потребните индикатори на перинаталното здравје кои треба да се доставуваат во Светската здравствена организација за нивната база на податоци.

Работната група истовремено ќе има задолжение редовно да ги следи проектираните активности во дадениот период, да доставува квартален и завршен Извештај за комплетираната работа, и да понуди мерки за подобрување на организацијата за реализирање на дадената главна цел-воспоставување на ДЦХР во рамките на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, во кој ќе се собираат, обработуваат и анализираат податоците за перинаталната грижа (квалитет на услуги, и индикатори на перинатално здравје на примарно, секундарно и терциерно ниво на здравствена заштита.

Нивните активности ќе бидат детално и прецизно одредени во посебен Договор, а работата за завршување на истите ќе биде надвор од нивното работно време. Комплетирањето на активностите ќе се проценува врз основа на доставени специфицирани продукти.

**Извештај за третиот квартал на 2013 година**

**Преземни беа планираните активности, и завршени предложените задачи во третиот квартал на 2013 година. ИЗВЕШТАЈОТ доставен на 10.10.2013 година беше следниот:**

1. **Формирање на Работна група** за подготовка на услови за почеток со работа на Државниот центар за репродуктивно здравје

Формирана е Работната група од професионалци кои подолг период работат на анализа на податоците, со цел за реорганизација и дисперзија на мрежата на ДЦРЗ на целата територија на Република Македонија со конкретни задачи и цели, во состав:

Проф д-р Елизабета Зисовска-претседател

Ас д-р Марија Хаџи-Лега-член

Ас д-р Сашо Стојчевски-член

Ас д-р Глигор Тофоски-член

Д-р Миле Тантуровски-член

Лилјана Саздовска-член

Олгица Гигова-член

Силвана Георгиева

Маја Бојаџиева

Драгана Букулица

Симеон Маџовски-возач за реализација на теренските активности

2. Изработен е Акционен план на активности со временска рамка (доставен беше во целост како Прилог број 1 во Кварталниот извештај)

**Остварени се следните цели:**

**Цел 1. Формирање на Работна група за подготовка за работа на ДЦРЗ.**

А) Формирањето на Работната група беше неопходно за изработка на Акциониот план, според кој требаше да се отпочне со активностите

Б) Подготвени и заверени се Договори со јасно зацртани задачи и обврски за секој член на Работната група, склучени со Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, како нарачател на услуги

**Цел 2. Посета на перинатолошките служби во сите специјални, општи болници и здравствени домови со вонболнички породувања за проценка на моменталната состојба со регистрацијата, внесот, чувањето на податоците и нивната обработка, како и идентификување на слабите страни кои бараат подобрување.**

А) Изготвено беше **Известување** за Директорите (раководителите) на перинатолошките служби за целта на посетата, потребата од пополнување на Прашалниците и крајната цел-рестартирање на работата на Државниот центар за репродуктивно здравје, што е една од зацртаните активности во Стартегијата за безбедно мајчинство

Б) Креиран беше структуриран **Прашалник**, со најсоодветни порашања за да се добие увид во состојбата со перинатолошките параметри во специјалните болници за гинекологија и акушерство, УЈЗУ УГАК, перинатолошките одделенија во Општите болници, и здравствените домови каде се одвиваат вонболничките породувања

В)Направени беа посети на перинатолошките служби, собрани пополнетите Прашалници кои беа навремено доставени и Раководителите на одделите известени. Направен беше увид во нивото на техничка опременост за регистрација и внес на податоци, и спремноста за почеток на активноста од 2014 година. Резиме за состојбата во евалуираните центри е дадено во Табела број 1 (која беше дадена во прилог). Од некои од помалите центри се добија пополнетите прашалници по е-пошта

**Цел 3. Обезбедување и опремување на простор за работа на ДЦРЗ**

А) На УЈЗУ Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство одвоени се две простории со планирано опремување на 4 работни места со компјутери и немедицински мебел, со проекција дека толку се потребни да работат во Државниот

центар во првата година (2014). Препораките за задачите и обврските на вработените лица во Центарот ќе бидат подетално опишани во склоп на овој Извештај.

Б) Направена беше спецификација за распишување на тендери, реализирани тендерите, и реализирани набавките (претходно доставен Прилог број 7):

- компјутери
- печатачи
- немедицински мебел.

3. Комплетиран беше Извештајот за моменталната состојба во евалуираните одделенија и служби, со заклучоци и коментари, како и предлог за останатите активности.

## Извештај за комплетирана обука на номинирани лица

**ИЗВЕШТАЈ испратен за комплетираната обука на здравствените професионалци за правилно пополнување, внес и регистрација на податоци од областа на перинатологијата** (13.12.2013)

Во согласност со Стратегијата за безбедно мајчинство, планирана беше активност за воспоставување на услови за рестартирање на Државниот центар за репродуктивно здравје. Дел од Планот на активности беше и Обука на здравствените професионалци за правилно пополнување, внес и регистрација на податоци од областа на перинатологијата. Овој чекор е од огромна важност за обезбедување на валидни и комплетни податоци кои ќе бидат основа за добрата репродуктивна статистика.

Обуката се состоеше од 5 теми, кои беа клучни за постигнување на спремност за работа понатаму, односно за рестартирањето на работата на ДЦРЗ. Дневниот ред беше следниот:

1. Вовед-Значење на работата на државниот центар за репродуктивно здравје
2. Пополнување на акушерска историја
3. Пополнување на Историја на новородено
4. Основни дефиниции и статистички пресметувања на параметри од областа на перинатологијата
5. Шифри од МКБ10 и нивно правилно користење
6. Дискусија

Воведот имаше за цел да ги запознае слушателите со важноста на податоците од виталната статистика и перинатолошките параметри, визијата и мисијата на ДЦРЗ, како и целите кои ќе треба да се реализираат во тек на натамошната работа.

Следните две предавања беа практична едукација во смисол на објаснување за начинот на пополнување на документацијата за бремена жена, родилка, мртвородено и живородено дете, затоа што точното пополнување на документацијата е основниот предуслов за понатамошни точни пресметки, добивање на реални индикатори за споредба меѓу центрите, како и за интетрнационална споредба.

После практичното објаснување на начинот на пополнување на секоја рубрика од Акушерската историја и Историјата на новороденото, детално им се објаснија сите дефиниции, објаснувања и начини на пресметки на стапките, со цел добивање на јасна слика за важноста на податоците и нивното точно и навремено внесување.

Последното предавање се однесуваше на шифрирањето на приемните и исписните дијагнози, и нивното значење за обработката на податоците, приоритетите при шифрирање при повеќе дијагнози, и беа посочени најчестите грешки при шифрирањето кои водат и до погрешна медицинска (во овој случај перинатална) статистика.

На крајот се овозможи дискусија и разјаснување на повеќе проблеми при пополнувањето на документацијата, внесот и регистарцијата на податоците, и се постигна добра клима за соработка во периодот кој следи.

Вкупно се одржаа три работилници, со следната динамика:

- На 28.11.2013 година обуката ја поминаа специјализантите кои во моментот го поминуваат својот стаж на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, за кои е вистинско време да научат правилно да ја пополнуваат соодветната документација и да развијат рефлекс за препознавање на приоритети во шифрирањето. На обуката беа присутни 31 специјализант.
- На 12.12.2013 година во првата (утринска) група присуствуваа номинирани лица кои работат во перинатолошки служби на Општите болници. Присутни беа 13 учесници. Се спроведе истиот Дневен ред, се поведе обемна дискусија и дадени извесни сугестии и забелешки кои ќе бидат сумирани на крајот од овој Извештај.

- На 12.12.2013 година со почеток од 14 часот се одржа третата работилница, на која присуствуваа номинирани лица за внес и регистрација на податоци од перинатална статистика во здравствените домови каде се одвиваат вонболнички породувања и вработени во приватните болници со перинатолошка служба (Ремедика и Плодност-Битола). Беа присутни 27 учесници.

Во тек на работилниците на учесниците им се подели испечатениот **Прирачник** изработен од Работната група, каде се објаснети детално сите постапки на правилно пополнување на документација и се дадени сите дефиниции и калкулација на стапки од областа на перинаталната статистика. Прирачникот е публикуван во склоп на активностите за овозможување на услови за рестартирање на работата на ДЦРЗ. Исто така, за секој учесник имаше обезбедено празни документи (Акушерска историја и Историја на новородено) за да може да се забележува и дискутира интерактивно.

После дискусиите водени во тек на трите работилници, се дадоа неколку предлози во врска со подобрување на квалитетот на внесените податоци во документацијата и внесот во компјутерските програми:

- Неопходна е промена на Акушерската историја и Историјата на новороденото, со дополнување на некои рубрики, кои подетално го опишуваат текот на породувањето (проширување на партограмот) и негата на новороденото дете.
- Потребен е поширок простор за забелешка на здравствената состојба на родилката при примопредавањето од родилна сала на одделението пуерпериум, како и читок потпис на здравствениот работник кој ја прегледал и предал, но и од тој што ја примил пациентката при префрлање од едно на друго одделение. Истото се однесува и за префрлање/примопредавање на новороденото дете.
- Имајќи во предвид дека анемијата (постпородилното крварење) е една од почестите, понекогаш и потешки компликации, во Акушерската историја на страната за внес на податоци за трансфузија на крв, и крвна слика која претставувала индикација за трансфузија, да биде појасно и подетално назначено кои резултати од крвни слики

треба да се внесат. Предложено беше да има простор за внес на приемна крвна слика, крвна слика која била индикација за трансфузија и исписна крвна слика, со можност да се пополнат рубриките за кои постојат податоци.

- На последната, завршна страна на Акушерската историја да се дополнат некои рубрики, во согласност со воведувањето на нови методи и техники, како на пример епидурална и спинална аналгезија и анестезијата.
- Да се најде простор каде би се внеле податоци дали бремената жена посетувала часови за предродилна подготовка, што е од големо значење за нејзината пренатална припрема, затоа што податоците покажуваат подобра соработка на таквите родилки во тек на породувањето, а обработката на податоците ќе покаже дали кај тие родилки е помал бројот на акушерски компликации.
- Во историја на новороденото на втората страна во левата колона (акушерскиот дел) да се прошири просторот за внес на податоци од акушерското минато на мајката и ризиците во тек на бременоста
- Некои од поважните забелешки од вработените во здравствените домови каде се одвиваат вонболнички породувања од страна на гинеколог-концесионер, беа да се даде обврска на докторот да ја комплетира документацијата, како би се добиле валидни податоци во перинаталната база на податоци, како и за осовременување на компјутерскиот програм за внес на податоци врз база на интернет.

**Прилози испратени со овој извештај** (13.12.2013)

- Покана за првата работилница испратена до специјализантите на УЈЗУ ГАК Скопје
- Покана испратена до Директорите на сите Општи болници во РМ
- Покана испратена до Директорите на сите Здравствени домови и приватни болници во РМ
- Список на учесници на секоја работилница (три списоци)
- Копии од сите презентации одржани во склоп на работилниците
- Акушерска историја (празна, на која се работеше и објаснуваше)
- Историја на новородено (празна, на која се работеше и објаснуваше)

## Индикатори за реализирана активност во второто полугодие на 2013

Според Акциониот план направен на почетокот, во овој период беа реализирани следните активности:

- Формирана Работна група за реализирање на подготвителните активности
- Набавени компјутери и печатачи за 4 работни места, едно за раководителот, а останатите 3 за вработените
- Набавен немедицински мебел за 4 работни места,
- Набавени два шкафа за документација (добро обезбедени со заклучување)
- Припремен материјал и испечатени Прирачници со објаснување на основните дефиниции во перинатологијата, инструкции за пополнување на Акушерската историја и историја на новороденото, како и со сите шифри од МКБ10 за комплетирање на документацијата
- Завршена обука на номинираните лица
- Дадени насоки за креирање на веб-базиран софтвер, кој ќе почне да се применува во тек на 2014 година како пилот програм, додека во почетокот ќе се работи со стариот софтвер, само за прибирање на податоци
- Дадени заклучоци и препораки во Завршниот Извештај

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Стратегијата за намалување на перинаталната смртност во Република Македонија треба да се темели на неколку паралелни процеси:

- Унапредување на севкупниот квалитет на здравствената заштита на населението, со што ќе се намали морбидитетот и морталитетот на жените во репродуктивниот период (општи мерки на подобрување на квалитетот на здравствената заштита преку промоција на здравје и превенција од болест)
- Унапредување на квалитетот на преконцепциската и антенаталната здравствена заштита, со што ќе се намали бројот на високоризични бремености, ќе се подобри виталноста на фетусите и ќе се намали мортиналитетот (мртвороденоста)
